# КУЌЕН РЕД НА ОСМУ “Никола Штејн” - Тетово

**I. Ученици**

Наставата во Училиштето се одвива во две смени: првата смена започнува во **7:30 часот**, а втората во **13:30 часот**.

- Надворешната врата на Училиштето се затвора веднаш по започнување на часовите, а се отвора за време на одморите.
- За време на часовите не е дозволено непотребно излегување и движење низ ходниците.

Учениците задолжително мора да носат униформа за настава која е тегет и бела униформа или бел мантил за практична настава во зависност од профОтпадоците не смее да се фрлаат на друго место освен во корпите за отпадоци.

- Пушењето во просториите на училиштето и дворот најстрого се казнува според Законот за заштита од пушење.Исто така е забрането внесување и користење на алкохол и дрога во училиштето.
- За време на часовите се забранува употреба на мобилни телефони, дококу со тоа се попречува наставниот процес (за снимање на часот, препишување при писмена проверка, слушање музика и др).
- Пред напуштањето на училницата секој ученик е должен да провери дали го оставил своето место во ред и дали ги понел со себе своите предмети.Училиштето не е должно да им ги надоместува на учениците изгубените предмети.
- За време на одморите и часовите по спорт, дежурните ученици се одговорни за личните предмети на учениците.
- При влегување во училница дежурните ученици од класот се должни да пријават евентуални штети направени на претходниот час.
- По завршување на последниот час учениците излегуваат од зградата пристојно, без трчање и врева.
- Дежурните ученици од паралелките се должни последни да ја напуштат училиницата, да проверат и да пријават евентуално изгубени работи или материјални штети .
- За време на наставата учениците седат на места определени од Раководителот на паралелката или предметниот наставник. Секој ученик е должен да внимава и активно и ангажирано да се вклучи во наставата. Учениците не смеат да го оневозможуваат текот на часот со својот неодговорен и недисциплиниран однос.
- . Ученикот не смее да го напушти часот без одобрување на наставникот. За отсуство на повеќе часови потребно е одобрение од раководителот на паралелката. Доколку раководителот на паралелката не е присутен, а ученикот мора итно да замине, одобрение дава раководителот на смена.
- Ако учениците губат час, не смеат да го попречуваат редот и текот на наставата во училиштето. За неодговорните и недисциплинираните ученици ќе бидат преземени соодветни педагошки мерки.
- Кога учениците одат на настава надвор од својата училница /кабинет или фискултурна сала/ должни се да ги обезбедат своите лични работи, или дежурните ученици во паралелката останиваат во училницата и се одговорни за изгубените работи. Исто така и за време на одморите

дежурните остануваат во училницата. Училиштето не е должно да ги надоместува штетите за изгубените работи.

- Во секоја паралелка учениците бираат претставници на Класна заедница: - Претседател - кој ги претставува интересите на учениците од паралелката во Ученичката заедница, на годината и на училиштето. - Благајник - секогаш се бира совесен и одговорен ученик заради финансиската организација на паралелката. - Два члена на заедницата - должни се да контактираат со претседателот и со раководителот на паралелката и членовите на стручниот тим во разрешувањето на проблемите со наставата, редовноста и дисциплината во паралелката и кај поедини ученици.

**II. Однос на учениците кон наставата, редовноста и дисциплината**

- Учениците се должни да бидат уредни и пристојни во облекувањето и изгледот кога доаѓаат на настава.
- Односот на учениците меѓусебно, кон вработените и наставниците треба да биде базиран на принципот на почитување и културно однесување.
- Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста и угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето.
- Меѓусебните недоразбирања учениците ги решаваат на другарски начин, сами или во рамките на Класната заедница, ако тоа не успеат се обраќаат кај раководителот на паралелката.
- Редовноста на учениците во наставата е обврска која мора да се почитува.
- Статутот на Училиштето ги предвидува следните педагошки мерки заради неисполнување на обврските и повреда на должноста на учениците: - Писмена опомена од раководител на паралеката за евидентирани од 11 -15 неоправдани изостаноци и намалено поведение на добро, Писмена опомена од Наставнички совет пред отсранување за евидентирани од 16- 25 неоправдани изостаноци и намалено поведение на незадоволително; - Отстранување од училиште за евидентирани над 25 неоправдани изостаноци.
- Ако ученикот изостане од училиште поради болест или други оправдани причини, родителот или старателот е должен да го извести раководителот на паралеката во рок од 7 дена. Во спротивно Ќе се смета дека ученикот самоволно го напуштил Училиштето. За отсуство родителот треба да покаже уредно писмено оправдување.
- Дозвола за оправдано изостанување дава: - за еден час - соодветен предметен наставник; - за еден ден - раководителот на паралелката; - до 10 дена /со посебно образложение/ дава директорот на училиштето; - над 10 дена Наставничкиот совет доколку е неопходно изостанување.
- Ученичките екскурзии, планираните едукативни посети се задолжителни за сите ученици. Изостанувањето треба да се оправда како и другите часови од наставата.

**III. Родители Родителите /старателите**/ се должни да го следат успехот и поведението на ученикот со воспоставување редовни контакти со раководителот на паралелката, по потреба и со предметните наставници, со стручни лица во училиштето. Во училиштето, на секој родител му еовозможено да добие информација за ученикот, инструкции и совети од соодветни лица /раководител на паралелката, наставници и стручни лица/ заради правилен развој и

постигнување успех на ученикот. Во текот на наставната година се организираат заеднички родителски средби во училиштето. По потреба секој раководител на паралелката закажува средба со родителите заради навремено информирање, инструкции и консултации со родителите. Секоја закажана средба со родителите од целата паралелка претходно се најавува. Родителите треба да се информираат преку учениците за часо на консултативните часови на раководителот на паралелката и предметните наставници со кои сакаат да контактираат. Регулирањето на изостаноците го врши родителот со уредна белешка со која се докажува оправданоста на отсуствата во рок од 7 дена кај раководителот на паралелката. Должност на родителот, односно старателот е да се јави на поканата испратена до него од страна на раководителот на паралелката или стручните служби на училиштето за советувањето, ако од оправдани причини не може да присуствува на советувањето, тој е должен навремено да го извести раководителот на паралелката, а ако тоа не се случи и по четврти пат, педагошката служба поднесува предлог поведување прекршочна постапка. Должност на родителот е да ги подмири обврските кон училиштето /осигурување, и слично/.

**IV. Наставници**

1. Должност на секој наставник е да го почитува Училишниот кодекс, Законот за средно образование и правилниците;
2. Наставниците се должни да го почитуваат сопствениот распоред за работно време и училишниот распоред;
3. Исполнувањето на обврските за навремено почитување на наставниот час овозможува непречен тек на наставата во училиште;
4. Во училиштето е организирано дежурство на наставниците во текот на денот.
5. Дежурните наставници се должни во текот на наставата и на одморите помеѓу часовите да бидат присутни во ходниците, да ги контролираат учениците и останатите училишни простори заради поголема безбедност, ред и дисциплина во училиштето.
6. Доколку има отсутни наставници дежурните наставници и раководителот на смена ја организираат наставата и воспоставуваат ред заради непречен тек на часовите.
7. Должност на секој наставник е да се ангажира активно во работата на стручните активи, секции и други видови дополнителни активности.
8. Обврска на наставниците е присуството на работата на Советот на паралелките, советите на годината и Наставничкиот совет.

**Директор,**
**Бинас Пајазити**